# Рамка за известување според Кодекс за корпоративно управување за котирани друштва на Македонска берза

**Едностепен систем на управување**

**ИЗДАВАЧ:**

**ГОДИНА ЗА КОЈА СЕ ИЗВЕСТУВА:**

Рамката за известување опфаќа два прашалници - Прашалникот „примени или појасни зошто не си применил„ (ППП) и Прашалникот за корпоративното управување (ПКУ) и дополнителните податоци кон истите:

**(1) ППП - Прашалник „примени или појасни зошто не си применил":**

| Прашање примени или појасни | Да | Делумно | Не | Неприменливо | Појаснување |
|---|---|---|---|---|---|
| ... | ... | ... | ... | | ... |



Друштвата треба да одговорат со да/не/делумно применливо/неприменливо на одредба од Кодексот. Во случај на одговор не или делумно применливо, друштвото треба да појасни зошто е тоа така.

Одговорот „Неприменливо“ може да се употреби за следните одредби на Кодексот: 1.2, 1.3, 1.10, 2.6, 2.14, 2.15, 2.16, 2.22, 2.28, 3.3, 3.5, 3.10, 4.3, 4.4, 5.9, 5.12 и 6.4. Во повеќето случаи овој одговор е соодветно да се даде кога околностите опишани во одредбите не се случиле во календарската година за која се известува.

**(2) ПКУ - Прашалник за корпоративното управување**

| Прашање за корпоративно управување | Податоци |
|---|---|
| ... | ... |

**(3) Дополнителни податоци**

# Прашалник "примени или појасни" зошто не си применил

| Дел | Под-дел | Бр. на одредба | Одредба (во детали) | Прашање примени или појасни зошто не си применил | Одговор | Појаснување |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1: ПРАВА НА АКЦИОНЕРИТЕ И ОДНОСИ СО АКЦИОНЕРИТЕ** | | | | | | |
| 1: ПРАВА НА АКЦИОНЕРИТЕ И ОДНОСИ СО АКЦИОНЕРИТЕ | **Права на акционерите** | 1,1 | На веб-страницата на друштвото има посебен дел каде што се достапни информациите кои ги опишуваат правата содржани во секој род и класа на акции и каде што се објавени статутот на друштвото и други внатрешни акти кои ги уредуваат правата на акционерите. | Дали на веб-страницата на друштвото има посебен дел каде што се достапни информациите кои ги опишуваат правата содржани во секој род и класа на акции и каде што се објавени статутот на друштвото и други внатрешни акти кои ги уредуваат правата на акционерите? | Да | |
| 1: ПРАВА НА АКЦИОНЕРИТЕ И ОДНОСИ СО АКЦИОНЕРИТЕ | **Права на акционерите** | 1,2 | Доколку друштвото издало акции кои не даваат право на глас или акции со ограничено право на глас, друштвото веднаш на својата веб - страница ги објавува и сите релевантни информации за содржината на сите права кои ги даваат таквите акции. | Дали друштвото ги објавува на својата веб-страница сите релевантни информации за содржината на сите права кои ги даваат таквите акции, утврдени во одредбата 1.2? | Да | |
| 1: ПРАВА НА АКЦИОНЕРИТЕ И ОДНОСИ СО АКЦИОНЕРИТЕ | **Права на акционерите** | 1,3 | Друштвото, во својот статут или други внатрешни акти, ја пропишува постапката и начинот на остварување на правото на увид во оние акти и другите документи на друштвото во кои во согласност со закон секој акционер има право на увид. Во случај кога друштвото го ограничува правото на увид во актите и документи со цел да се зачува доверливоста во работењето или деловните интереси, за истото ќе му | Дали Статутот и/или другите внатрешни акти ја пропишуваат постапката и начинот на остварување на правото на увид во документите на друштвото од страна на секој акционер? | Не | Статутот нема експлицитна одредба во која е утврдено ваквото право, но акционерите на Друштвото имаат право на увид во актите и другите документи на друштвото согласно член 320 од Закон за трговски друштва. |
| 1: ПРАВА НА АКЦИОНЕРИТЕ И ОДНОСИ СО АКЦИОНЕРИТЕ | **Права на акционерите** | 1,3 | исто | Доколку друштвото ограничило пристап на некој од акционерите кој барал увид до бараните документи, дали му ја објасни на акционерот причината поради која истото е направено? | Да | |
| 1: ПРАВА НА АКЦИОНЕРИТЕ И ОДНОСИ СО АКЦИОНЕРИТЕ | **Собрание на акционери** | 1,4 | Друштвото, на својата веб-страница, ги објавува потребните информации во врска со датумот, местото и дневниот ред на собранието на акционери, како и сите други материјали кои се поврзани со седницата на собранието на акционери, во согласност со законот и Правилата за котација. | Дали друштвото ги објави на својата веб-страница сите потребни информации во врска со датумот, местото и дневниот ред на собранието на акционери како и сите други материјали кои се поврзани со седницата на собранието на акционери? | Да | |
| 1: ПРАВА НА АКЦИОНЕРИТЕ И ОДНОСИ СО АКЦИОНЕРИТЕ | **Собрание на акционери** | 1,5 | Секоја одлука која треба да биде донесена од страна на акционерите ќе содржи образложение за причините поради кои друштвото ја предложило одлуката. | Дали сите одлуки кои се донесуваат од страна на акционерите содржат образложение за причините поради коишто друштвото ја предложило одлуката? | Делумно | Потребните информации се содржани во Одлуките и/или пропратната документација, доколку таква постои |
| 1: ПРАВА НА АКЦИОНЕРИТЕ И ОДНОСИ СО АКЦИОНЕРИТЕ | **Собрание на акционери** | 1,6 | Друштвото одржува собрание на акционери во време и на место што овозможува да се сведат на минимум трошоците и потешкотиите на кои би биле изложени неговите акционери за да можат да учествуваат на седницата. | Дали друштвото го одржа собранието на акционери во време и место на начин што овозможи да бидат сведени на минимум трошоците и тешкотиите на кои би биле изложени неговите акционери за да можат да учествуваат на седницата? | Да | |
| 1: ПРАВА НА АКЦИОНЕРИТЕ И ОДНОСИ СО АКЦИОНЕРИТЕ | **Собрание на акционери** | 1,7 | Друштвото обелоденува дали акционерите имаат можност да учествуваат и да гласаат на собранието по пат на електронски средства или со кореспонденција, а не со лично присуство, и ги соопштува деталите околу начинот на таквото учество и гласање. | Дали друштвото обелодени дали акционерите имаа можност да гласаат по пат на комуникациска технологија или со кореспонденција или да учествуваат на седницата по пат на електронски средства, а не со лично присуство и ги соопшти деталите околку начинот на таквото учество и гласање? | Не | МКТ не овозможува гласање на Собранието на Друштвото по електронски пат и таква информација не е објавена јавно, бидејќи Друштвото нема соодветна електронска платформа преку која може да се изврши соодветна идентификација на акциоенрите согласно Законот за трговски друштва и следење на текот на гласањето. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1: ПРАВА НА АКЦИОНЕРИТЕ И ОДНОСИ СО АКЦИОНЕРИТЕ | **Собрание на акционери** | 1,8 | Друштвото им дава можност акционерите можност да гласаат преку полномошник. Друштвото ја објавува постапката за гласање преку полномошник на својата веб-страница, вклучувајќи го образецот за давање на полномошно и информација за даденото полномошно, како во писмена, така и во електронска форма, адресата на која треба да бидат испратени полномошната и рокот за доставување на полномошната и информациите за дадените полномошна. Друштвото нема да поставува никакви барања и услови за давање на полномошно и гласање преку полномошник, освен оние кои се утврдени со закон. | Дали друштвото им даде можност на акционерите  да гласаат  преку полномошник? | Да | |
| 1: ПРАВА НА АКЦИОНЕРИТЕ И ОДНОСИ СО АКЦИОНЕРИТЕ | **Собрание на акционери** | 1,8 | исто | Дали друштвото ја објави постапката за гласање преку полномошник на својата веб-страница со сите елементи утврдени во одредбата 1.8? | Да | |
| 1: ПРАВА НА АКЦИОНЕРИТЕ И ОДНОСИ СО АКЦИОНЕРИТЕ | **Собрание на акционери** | 1,8 | исто | Друштвото не постави никакви барања и услови за давање на полномошно и гласање преку полномошник освен оние кои се утврдени со законот. | Да | |
| 1: ПРАВА НА АКЦИОНЕРИТЕ И ОДНОСИ СО АКЦИОНЕРИТЕ | **Собрание на акционери** | 1,9 | Друштвото, во своите внатрешни акти, го уредува начинот на предлагање на точки на дневниот ред, поставување прашања и предлагање на одлуки од страна на акционерите, во согласност со законските одредби. Друштвото ги објавува овие акти на својата веб-страница. | Дали во внатрешните акти е уреден начинот на предлагање на точки на дневниот ред, поставување прашања од страна на акционерите во согласност со законските одредби? | Делумно | Начинот на предлагање на точки на дневниот ред и поставување прашања од страна на акционерите е објавен на веб страницата на друштвото и во објавениот Јавен повик за свикување на Собрание на друштвото, во согласност со законските одредби, но не е посебно уреден во внатрешни акти на Друштвото. |
| 1: ПРАВА НА АКЦИОНЕРИТЕ И ОДНОСИ СО АКЦИОНЕРИТЕ | **Собрание на акционери** | 1,9 | исто | Дали овие акти се објавени на веб-страницата на друштвото? | Не | Друштвото нема внатрешен акт кој го регулира ова прашање, истото се објаснува во Јавниот повик за свикување на Собранието на Друштвото објавен на веб страницата на друштвото |
| 1: ПРАВА НА АКЦИОНЕРИТЕ И ОДНОСИ СО АКЦИОНЕРИТЕ | **Собрание на акционери** | 1. 10 | Друштвото дозволува акционерите да поставуваат прашања за секоја точка од дневниот ред пред одржувањето на собранието на акционери, при што, доколку е можно,  овие прашања треба да бидат одговорени на самата седница на собрание на акционери. | Дали друштвото им дозволи на своите акционери да постават прашања за секоја точка од дневниот ред пред да се одржи седницата на собранието на акционери? | Не | Секој акционер има право да поставува прашања по секоја од точките од Дневниот ред на седницата на Собранието на Друштвото, но не и пред седницата. Поставените прашања од акционерите се одговараат на самата седница на Собранието. |
| 1: ПРАВА НА АКЦИОНЕРИТЕ И ОДНОСИ СО АКЦИОНЕРИТЕ | **Собрание на акционери** | 1. 10 | исто | Доколку имаше прашања од акцонерите, дали истите се одговорени на седницата на собранието на акционери? | Да | |
| 1: ПРАВА НА АКЦИОНЕРИТЕ И ОДНОСИ СО АКЦИОНЕРИТЕ | **Собрание на акционери** | 1,11 | За време на седницата на собранието на акционери, друштвото обезбедува соодветно  време за поставување на прашања од акционерите. Друштвото обезбедува присуство на членовите на Одборот на дирекори , вклучувајќи го и претседателот на одборот на директори и главноиот извршен директор, како и на овластениот надворешен ревизор за да одговараат на прашањата поставени од акционерите. | Дали друштвото им обезбеди доволно време на акционерите за да може да постават прашања? | Да | |
| 1: ПРАВА НА АКЦИОНЕРИТЕ И ОДНОСИ СО АКЦИОНЕРИТЕ | **Собрание на акционери** | 1,11 | исто | Дали на седницата на собранието на акционери присуствува претседателот на одборот на директори и главниот извршен директор, како и надворешен овластен ревизор, за да одговорат на прашањата? | Делумно | Во зависност од точките на Дневниот ред и предложените Одлуки за усвојување од Собранието, по потреба се обезбедува присуство на претседателот на одборот на директори или главниот извршен директор или надворешен овластен ревизор |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1: ПРАВА НА АКЦИОНЕРИТЕ И ОДНОСИ СО АКЦИОНЕРИТЕ | **Собрание на акционери** | 1,12 | Донесените одлуки и одговорите на прашањата поставени за време или пред одржување на седницата на собранието на акционери се објавуваат на веб-страницата на друштвото и треба да бидат достапни на истата во период од најмалку пет години. | Дали на веб-страницата на друштвото се објавени одлуките донесени на седницата на собранието на акционери и одговорите на прашањата? | Да | |
| 1: ПРАВА НА АКЦИОНЕРИТЕ И ОДНОСИ СО АКЦИОНЕРИТЕ | **Собрание на акционери** | 1,12 | исто | Дали друштвото има достапни информации за одржаните седници на собранија на акционерите најмалку за последните 5 години? | Да | |
| 1: ПРАВА НА АКЦИОНЕРИТЕ И ОДНОСИ СО АКЦИОНЕРИТЕ | **Комуникација со Акционерите** | 1,13 | Друштвото користи средства за комуникација како што се веб-страници, електронска пошта, телеконференција и видеоконференција, како начини за полесна комуникација со своите акционери. | Дали друштвото користи комуникациски технологии како начин за комуникација со своите акционери? | Делумно | Друштвото користи веб страна, електронска пошта и телефонска линија за комуникација на информации кон акционерите, но не и видеоконференција и/или телеконференција |
| 1: ПРАВА НА АКЦИОНЕРИТЕ И ОДНОСИ СО АКЦИОНЕРИТЕ | **Комуникација со Акционерите** | 1,14 | Покрај собранието на акционери, друштвото организира дополнителни настани за да ги информира постоечките и потенцијални инвеститори за своето работење, особено кога има потреба од дополнително објаснување на резултатите на друштвото објавени во полугодишните и годишните извештаи на друштвото. | Дали друштвото организираше дополнителни настани за да може да се информираат потенцијалните инвеститори за неговото работење? | Не | Друштвото не организира вакви дополнителни настани, меѓутоа во Образложенијата за работењето кои се објавуваат заедно со резултатите на Друштвото детално се објаснети самите резултати од работењето. |
| 1: ПРАВА НА АКЦИОНЕРИТЕ И ОДНОСИ СО АКЦИОНЕРИТЕ | **Комуникација со Акционерите** | 1,15 | Друштвото именува лице одговорно да обезбеди навремен и соодветен одговор на прашањата или да дава информации за акционерите и инвеститорите и треба да се погрижи да има соодветна постапка за упатување на овие прашања до одборот на директори,во ситуациите кога тоа е соодветно. Податоците за ова лице, неговата адреса за електронска пошта и телефонски број се објавуваат на веб-страницата | Дали друштвото именуваше лице одговорно за обезбедување навремен и соодветен одговор на прашањата или обезбедување на информации на акционерите и инвеститорите? | Да | |
| 1: ПРАВА НА АКЦИОНЕРИТЕ И ОДНОСИ СО АКЦИОНЕРИТЕ | **Комуникација со Акционерите** | 1,15 | исто | Дали друштвото предвидува постапка за упатување на прашањата од акционерите до одборот на директори? | Не | Друштвото нема пропишано формална постапка за упатување на прашањата од акционерите до одборот на директори. Меѓутоа сите акционери и потенцијални инвеститори можат да поставуваат прашања преку каналите за комуникација на друштвото за оваа намена (IR@telekom.mk како и телефонските броеви +38970200919/+38923242258 на Лицето кое е одговорно за односи со инвеститори) на кои прашања ќе добијат соодветни одговори. Исто така, акционерите поставуваат прашања и на Седниците на Собранието на акционери кои се одговараат на самата Седница. |
| 1: ПРАВА НА АКЦИОНЕРИТЕ И ОДНОСИ СО АКЦИОНЕРИТЕ | **Комуникација со Акционерите** | 1,15 | исто | Дали податоците за лицето, неговата адреса за електронска пошта и телефонски број се објавени на веб- страницата на друштвото? | Да | |
| | | | **2: ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ** | | | |
| 2: ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ | **Задачи на одборот на директори** | 2,1 | Внатрешните акти на друштвото треба јасно да ги утврдат овластувањата и одговорностите на извршните и неизвршните членови на одброт , во согласност со законот, како и структурата, системите и процесите на управување врз основа на кои членовите на одборот соработуваат. Внатрешните акти се достапни на веб- страницата на друштвото. | Дали друштвото во своите внатрешни акти јасно ги утврди овластувањата и одговорностите на извршните и неизвршните членови на одборот на директори и процесите на управување врз основа на кои членовите на одборот соработуваат? | Делумно | Статутот (дел VI - органи на Друштвото) кој е објавен на веб страната на Друштвото ги утврдува овластувањата и одговорностите на Одборот на директори. Како внатрешен акт донесен е и Деловник за работа кој подетално го уредува работењето на Одборот на директори како и начинот на донесување на одлуки, но истиот не е објавен на веб страната на Друштвото. |
| 2: ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ | **Задачи на одборот на директори** | 2,1 | исто | Дали на веб-страницата на друштвото, внатрешните акти се бесплатно достапни? | Делумно | Статутот на Друштвото е јавно објавен (и бесплатно достапен) на веб страната на Друштвото додека Деловникот за работа заради природата на неговата класификација како доверлив документ не е објавен и не е јавно достапен. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2: ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ | **Задачи на одборот на директори** | 2,2 | Во статутот и внатрешните акти на друштвото се утврдува за кои одлуки на извршните членови на одборот ќе биде потребно претходно одобрение од страна на одборот на директори и за кои одлуки треба извршните членови да се советуваат со одборот на директори. За значајни одлуки кои се однесуваат на стратегијата или на расходите на друштвото, како и за одлуките што можат да ја зголемат изложеноста на ризик на друштвото или значително да влијаат на неговите акционери или засегнати лица, потребно е претходно одобрение од одборот на директори. | Дали во статутот и внатрешните акти на друштвото е утврдено за кои одлуки од извршните членови на одборот е потребно претходно одобрение од страна на одборот на директори и за кои одлуки е потребно советување? | Да | |
| 2: ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ | **Задачи на одборот на директори** | 2,2 | исто | Дали претходно одобрение од страна на одборот на директори е потребно за одлуки од поголема важност кои се однесуваат на стратегијата на друштвото или расходи и одлуки кои ја зголемуваат изложеноста на ризик на друштвото или значително влијаат на акционерите или засегнати лица на друштвото? | Да | |
| 2: ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ | **Задачи на одборот на директори** | 2,3 | Извршните членовите на одбор нема да бидат присутни кога одборот на директори расправа за нивното работење и награда. | Дали одборот на директори расправаа за наградата и работата на извршните членовите на одборот, без нивното присуство на состанокот? | Делумно | Извршниот член на ОД е присутен, но не учествува во расправа и гласање по одлуката |
| 2: ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ | **Работа на одборот на директори** | 2,4 | Одборот на директори одбор донесува деловник за работа со кој се уредува најмалку следново:<br>а. начинот на свикување состаноци на одборот на директори и доставување материјали до неговите членови;<br>б. начинот на гласање и донесување одлуки;<br>в. распоредот на одржување на состаноци на одборот на директори;<br>г. улогата и овластувањата на претседателот на одборот на директори, комисиите на одборот на директори и корпоративниот секретар;<br>д. детални критериуми за идентификување и решавање на судир на интереси помеѓу членовите на одборот на директори и друштвото. | Дали одборот усвои правила за работа (деловник за работа) со кој се утврдени елементите наведени во одредбата 2.4? | Да | |
| 2: ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ | **Работа на одборот на директори** | 2,5 | Одборот на директори одржува состаноци најмалку четири пати годишно во согласност со закон. Во годишниот извештај се наведува колку состаноци се одржани и на колку од состаноците присуствувал секој член на одбор. | Дали одборот на директори одржа најмалку четири состаноци во текот на годината за која се доставува извештај? | Да | |
| 2: ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ | **Работа на одборот на директори** | 2,5 | исто | Дали во годишниот извештај е наведено колку состаноци се одржани во годината за која се доставува извештај и на колку состаноци присуствувал секој од членовите на одборот? | Да | |
| 2: ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ | **Работа на одборот на директори** | 2,6 | За да можат неизвршните членови на одборот на директори да посветат доволно време на своите должности, бројот на денови за којшто се очекува секој од членовите на одборот на директори да биде достапен ќе биде утврден пред нивниот избор. Информација за членство во органи на управување во други друштва се објавува кога кандидатот за член на одборот се предлага за избор од страна на собранието на акционери. | Дали бројот на денови во кои секој од неизвршните членови на одборот на директори е очекувано да биде достапен, беше утврден пред да бидат именувани? | Не | Ваква информација не се обезбедува пред именување на членот на одборот на директори, меѓутоа сите состаноци на ОД кои се одржуваат се навремено најавени за да членовите имаат доволно време да се прилагодат на времето на закажаниот состанок и да посветат доволно време околу пратените материјали и точки за дискусија. |
| 2: ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ | **Работа на одборот на директори** | 2,6 | исто | Дали беа објавени информации за членство во органи на управување на други друштва кога неизвршниот член на одборот беше предложен за избор од страна на собранието на акционери? | Делумно | Кандидатот за член на ОД пред изборот доставува до друштвото пополнето и потпишано Известување за извршување на дејности, активности и функции во друго друштво, но истото не се објавува јавно. |
| 2: ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ | **Претседател на одборот на директори** | 2,7 | Одборот на директори го избира својот претседател со просто мнозинство гласови. Претседателот се избира поради неговото знаење, искуство, вештини и способност за организација, управување и решавање на конфликти. | Дали одборот на директори го избра својот претседател со просто мнозинство гласови? | Делумно | Одборот на директори избира Претседател на Одборот на директори со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Одборот на директори. |
| 2: ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ | **Претседател на одборот на директори** | 2,8 | Претседател на одборот на директори не може да биде лице кое било член на одборот на директори на друштвото најмалку две години пред неговиот избор. Доколку претседателот на одборот на директори не е независен член, еден од независните членови на одорот на директори | Претседател на одборот на директори не е лице кое било извршен член на одборот на директори на друштвото најмалку две години пред неговиот избор. | Да | |
| 2: ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ | **Претседател на одборот на директори** | 2,8 | исто | Дали друштвото именува заменик претседател на одборот на директори од редот на независните членови во случај кога претседателот на одборот не е независен член? | Не | Претседателот и Заменик Претседателот се неизвршни членови |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2: ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ | **Претседател на одборот на директори** | 2,9 | Должностите и одговорностите на претседателот на одборот на директори се утврдени во деловникот за работа на одборот на директори, во кој ќе биде определено дека истиот, во најмала мера:<br>а. ја надгледува работата на одборот на директори и неговите комисии;<br>б. го утврдува дневниот ред на состаноците на одборот на директори, ги свикува и претседава со состаноците;<br>в. се грижи членовите на одборот на директори да добиваат целосни и навремени информации за да тие имаат доволно време да се подготват и да донесат соодветни одлуки;<br>г. се грижи членовите на одборот на директори да имаат доволно време за дискусија на состаноците пред да донесат одлуки;<br>д. се грижи записникот од одржаните состаноци на одборот на директорида биде уредно составен;<br>ѓ. ја иницира постапката за оцена на работата на одборот на директори; и<br>е. врши други должности утврдени во законот. | Дали должностите и одговорностите на претседателот на одборот на директори се утврдени во деловникот за работа кој најмалку ги вклучува елементите утврдени во одредбата 2.9? | Да | |
| 2: ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ | **Состав на одборот на директори** | 2. 10 | Одборот на директори е составен од соодветен број членови за да обезбеди дека и Одборот на директори и неговите комисии ќе имаат доволно ресурси за ефективно извршување на нивните доделени задачи. | Дали Одборот на директори е составен од соодветен број членови за да обезбеди дека и одборот на директори и неговите комисии ќе имаат доволно ресурси за ефективно извршување на нивните доделени задачи? | Да | |
| 2: ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ | **Состав на одборот на директори** | 2,11 | Одборот на директори, или комисијата за избор и именување, доколку истата е формирана , најмалку еднаш годишно го разгледува составот на одборот и неговите комисии од аспект на знаењето, квалификациите, вештините и искуството што членовите поединечно и заедно ги поседуваат за успешно извршување на нивните функции (т.н. „профил на одборот ").Профилот на одборот се објавува на веб-страницата на друштвото. | Дали Одборот на директори или комисијата за избор и именување го разгледа составот на одборот и неговите комисии во годината за која се доставува извештај? | Не | Друштвото нема формирано ваква комисија и ОД не доставува ваков извештај на годишно ниво. Согласно ЗТД, работата на членовите на ОД ја одобрува Собранието за претходната година. |
| 2: ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ | **Состав на одборот на директори** | 2,11 | исто | Дали Одборот на директори или комисијата за избор и именување направи профил на одбор каде што е утврдено знаењето, квалификациите, вештините и искуството што членовите поединечно и заедно ги поседуваат за успешно извршување на нивните функции? | Не | Кандидатите за членови на Одборот на директори ги предложува еден од двата најголеми акционери на Друштвото и за истите се доставува Биографија (во која се сумирани знаењето, квалификациите, вештините и искуството) на секој член на Одборот на директори пред неговиот избор од Страна на Собранието. |
| 2: ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ | **Состав на одборот на директори** | 2,11 | исто | Дали профилот на одборот е објавен на веб-страницата на друштвото? | Делумно | Биографија (во која се сумирани знаењето, квалификациите, вештините и искуството) на секој член на Одборот на директори пред неговиот избор од Страна на собранието на акционери јавно се објавува на страната на Друштвото и на платформата СЕИ НЕТ како дел од материјалите за Собрание кои се достапни на веб |
| 2: ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ | **Состав на одбор на директори** | 2,12 | За независен член на одборот на директори се смета лице кое ги исполнува критериумите утврдени во законот, и кое дополнително:<br>а. е член на одборот на директори помалку од 12 години;<br>б. не е член на потесното семејство на лице кое во последните пет години било извршен член на одборот на директори на друштвото;<br>в. не е поврзано со друштво кое дава консултантски услуги на друштвото или на негови поврзани друштва;<br>г. не е значаен клиент или добавувач на друштвото, или на негово поврзано друштво, и не е лице поврзано со значаен клиент или добавувач на друштвото или неговите поврзани друштва;<br>д. не е член на орган на управување на непрофитна организација што добила значително финансирање од друштвото или од неговите поврзани друштва;<br>ѓ. во последните пет години, не било партнер или лице вработено во друштво за ревизија што вршело ревизија на друштвото или на неговите поврзани друштва. | Дали сите независни членови ги исполнуваат критериумите утврдени со закон како и дополнителните критериуми утврдени во одредбата 2.12? | Да | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2: ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ | **Состав на одборот на директори** | 2,13 | Друштвото презема мерки за да обезбеди дека ќе има најмалку 30% жени членови на одборот на директори до 2025 година. Годишниот извештај вклучува резиме на преземените активности за исполнување на оваа цел. | Дали годишниот извештај вклучува резиме на преземените активности од страна на друштвото за да обезбеди дека ќе има најмалку 30% жени членови на одборот на директори до 2025 година? | Делумно | Досега Друштвото нема инкорпорирано ваков дел во годишниот извештај. Меѓутоа Друштвото вложува напори да има застапеност на жени во својот Одбор на директори и моментално во ОД на Друштвото има 14,3% застапеност на жени. Исто така Друштвото има усвоено и Кодекс за човекови права и социјални принципи како дел од Групацијата Deutsche Telekom https://www.telekom.mk/kodeks-za-covekovi-prava-i-socijalni-principi.nspx според кој Друштвото се залага за промовирање на еднакви можности како и разноликост на сите вработени во поглед на пол, возраст, култура, религија, способност и сексуална ориентација. Дополнително Deutsche Telekom врши годишен преглед со цел да го потврди почитувањето на Кодексот од страна на сите компании на групацијата и ги објавува резултатите посебен Извештај за почитувањето на човековите права и социјалните принципи и во книгата на факти за HR. |
| 2: ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ | **Постапка за избор на членови на одборот на директори** | 2,14 | При избор на потенцијални членови на одборот на директори, покрај оние што се утврдени во закон, се земаат предвид и следниве критериуми:<br>а. поседување личен интегритет и етика;<br>б. поседување професионално искуство и знаење што е релевантно за дејноста на друштвото и неговата функција; и<br>в. способноста и достапноста за активно и конструктивно учество во дискусиите и одлучувањето на одборот на директори. | Доколку во текот на календарската година друштвото вршеше избор на членови на одборот на директори, дали при идентификување на потенцијални членови на одборот на директори, беа земени предвид критериумите утврдени во одредбата 2.14, како и дополнителните критериуми утврдени во законот? | Не | Членовите на Одборот на директори ги избира Собранието на Друштвото по предлог од еден од двата најголеми акционери и кандидатите доставуваат кратка биографија во која се сумирани вештините и искуството кои ги поседуваат. |
| 2: ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ | **Постапка за избор на членови на одборот на директори** | 2,15 | Комисијата за избор и именување, или одборот на директори доколку истата не е формирана, треба да потврди дека кандидатот ги исполнува бараните услови утврдени во законот, внатрешните акти на друштвото и овој Кодекс, како и дали кандидатот се вклопува во профилот на одборот. | Доколку во текот на календарската година друштвото вршеше избор на членови на одборот на директори, дали комисијата за избор и именување или одборот на директори потврди дека сите кандидати ги исполнуваат бараните услови и ја провери усогласеноста на кандидатот со критериумите утврдени во законот, внатрешните акти на друштвото и профилот на одборот? | Не | Друштвото нема формирано Комисија за избор и именување, а членовите на Одборот на директори ги избира Собранието на Друштвото по предлог од еден од двата најголеми акционери и истите ги исполнуваат критериумите согласно Законот за трговски друштва. |
| 2: ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ | **Постапка за избор на членови на одборот на директори** | 2,16 | За да се овозможи собранието на акционери да го направи вистинскиот избор, покрај податоците утврдени во закон, на акционерите им се доставуваат следниве релевантни податоци за кандидатите предложени за членови на одборот на директори:<br>а. дали има судир на интереси помеѓу интересите на кандидатот и друштвото;<br>б. ако кандидатот е веќе член на одбор на директори, резиме на последната оцена (евалуација) на неговата работа;<br>в. за кандидатите кои се предложени од страна на одборот на директори за разлика од кандидатите кои се предложени од акционерите, се доставува и извештај на комисијата за избор и именување или, доколку истата не е формирана, на одборот на директори за извршената анализа и проверка на исполнетост на критериумите од страна на кандидатот, како и за усогласеност на неговата кандидатура со внатрешните акти и профилот на одборот, и оцена за тоа дали кандидатот се смета за независен; г. дали кандидатот се предлага за извршен или неизвршен члена на одборот на директори. | Доколку во текот на календарската година друштвото вршеше избор на членови на одборот на директори, дали на акционерите, освен информациите утврдени во законот, им беа доставени информации за кандидатите предложени за членови на одборот на директори утврдени во одредбата 2.16? | Делумно | Членовите на Одборот на директори ги избира Собранието на Друштвото по предлог од еден од двата најголеми акционери. Биографија на кандидатот за избор на член на ОД и дали кандидатот се предлага за извршен или неизвршен/независен член на одборот на директори се објавуваат и се јавно достапни за сите акционери. |
| 2: ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ | **Постапка за избор на членови на одбор на директори** | 2,17 | Со цел да се обезбеди континуитет и квалитет во функционирањето на одборот на директори, комисијата за избор и именување или одборот на директори (доколку истата не е формирана), изготвува план за сукцесија на одборот на директори, што ќе биде вклучен во годишниот извештај. | Дали комисијата за избор и именување или одборот на директори изготвија план за сукцесија на одборот? | Не | Друштвото не спроведува ваква постапка бидејќи членовите на Одборот на директори ги избира Собранието на Друштвото по предлог од еден од двата мнозински акционери. |
| 2: ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ | **Постапка за избор на членови на одборот на директори** | 2,17 | исто | Дали планот за сукцесија на одборот беше вклучен во годишниот извештај? | Не | Друштвото не вклучува план за сукцесија во својот Годишен извештај бидејќи членовите на Одборот на директори ги избира Собранието на Друштвото по предлог од еден од двата најголеми акционери. |
| 2: ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ | **Комисии на одборот** | 2,18 | Одборот на директори формира комисија за ревизија која има одговорност да врши надзор на управувањето со ризиците на друштвото и внатрешната контрола, финансиското известување и работата на надворешниот ревизор | Дали одборот на директори формира комисија за ревизија? | Да | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2: ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ | **Комисии на одборот** | 2,19 | Ако помалку од половина од членовите на одборот на директори се независни, одборот на директори формира комисија за избор и именување за да го надгледува изборот и именувањето на членовите на одборот на директори и комисија за надоместоци и награди која ќе го врши надзорот на наградувањето на извршните членови на одборот на директори. Функциите на овие две комисии може да се комбинираат. Ако повеќе од половина од членовите на одборот на директори се независни, одборот на директори може самостојно да ги извршува овие функции. | Дали одборот на директори формира комисија за избор и именување и комисија за надоместоци и награди или комисија која ги вклучува двете функции? | Делумно | Околу 30% од членовите на Одборот на директори на Друштвото се независни. Во рамки на Друштвото формирана е само комисија за наградување. Комисија за избор и именување не е предвидена со внатрешните акти на Друштвото. |
| 2: ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ | **Комисии на одборот** | 2. 20 | Одборот на директори донесува правила за работа за секоја комисија. Во правилата за работа ќе се наведат задачите и функциите на секоја комисија, нејзиниот состав и начинот на кој ги извршува своите задачи и функции. Правилата за работа ќе бидат достапни на веб-страницата на друштвото. | Дали одборот на директори донесе правила за работа за секоја комисија, во кои се наведени задачите и функциите на секоја комисија, нејзиниот состав и начинот на кој ги извршува своите задачи и функции? | Да | |
| 2: ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ | **Комисии на одборот** | 2. 20 | исто | Дали Правилата за работа се достапни на веб-страницата на друштвото? | Не | Правилата не се јавно достапни заради природата на нивната класификација како доверлив документ. |
| 2: ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ | **Комисии на одборот** | 2,21 | Секоја комисија ќе има најмалку три членови. Мнозинството членови на секоја комисија мора да го сочинуваат неизвршни членови на одборот на директори и најмалку една третина од нив треба да се независни. | Дали секоја комисија има најмалку три членови? | Да | |
| 2: ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ | **Комисии на одборот** | 2,21 | исто | Дали мнозинството од членовите од секоја комисија се неизвршни членови на одбор од кои најмалку една третина од нив се независни? | Да | |
| 2: ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ | **Комисии на одборот** | 2,22 | Надворешни членови ќе се именуваат во комисија само доколку неизвршните членови на одборот на директори не поседуваат потребни вештини или искуство. Сите надворешни членови ќе имаат соодветна експертиза, ќе бидат независни и од друштвото и од одборот на директори и нема да имаат судир на интереси според критериумите што се применуваат за членовите на одборот на директори. | Доколку друштвото има надворешни членови на комисиите, дали надворешните членови поседуваат соодветна експертиза и се независни од друштвото и одборот на директори и немаат судир на интереси според критериумите што се применуваат на членовите на одборот на директори? | Да | |
| 2: ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ | **Комисии на одборот** | 2,23 | После секој состанок на комисијата, се доставува писмен или усмен извештај за заклучоците од состанок до одборот на директори , кој се разгледува на првиот нареден состанок на одборот на директори. | Дали писмен или усмен извештај за заклучоците од состаноците на комисиите беше доставен на наредниот состанок на одборот на директори, после секој состанок на комисиите? | Да | |
| 2: ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ | **Комисии на одборот** | 2,24 | Одборот на директори дава информација за комисиите во годишниот извештај на друштовото, вклучувајќи го нивниот состав и активности, бројот на одржани состаноци и присуството на секој член на комисијата на состаноците, како и главните прашања за кои се дискутирало. | Дали Одборот на директори даде информација за комисиите како што е утврдено во одредбата 2.24? | Не | Друштвото не вклучува ваква информација во Годишниот извештај за работа. ОД е континуирано информиран за работата на комисиите во рамки на одржаните состаноци. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2: ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ | **Оцена (евалуација) на одборот на директори** | 2,25 | Најмалку еднаш годишно, одборот на директори, комисијата за избор и именување или надворешен консултант специјализиран за корпоративно управување, го оценуваат следново:<br>а. работењето, ангажманот, преземените активности и резултатите на одборот на директори како колективно тело, како и на комисиите на одборот на директори;<br>б. составот на одборот на директори и дали преку таквиот состав се обезбедуваат потребните знаења, искуства, вештини и еднаква застапеност утврдени во профилот на одбор;<br>в. ефективноста на претседателот на одборот на директори и придонесот на од секој член на одборот во работата на одборот на директори;<br>г. работната атмосфера воодборот на директори, вклучувајќи и тоа дали поединечните членови на одборот на директори се во можност да ги искажат своите ставови и да ги решат меѓусебните недоразбирања;<br>д. поддршката дадена на одборот на директорир, вклучувајќи ја работата на корпоративниот секретар и квалитетот и навременоста на добиените материјали;<br>ѓ. квалитетот на комуникација и соработката помеѓу членовите на одборот на директори; и<br>е. постоењето на околности поврзани со поединечните членови на одборот на директори поради кои може да дојде до судир на интереси и да се загрози нивната независност. | Дали Одборот на директори, комисијата за избор и именување или надворешен консултант којшто е специјализиран за корпоративно управување ги оценија елементите утврдени во одредбата 2.25 за годината за која се доставува извештај? | Не | Друштвото нема формирано ваква комисија и ОД не спроведува ваква постапка. Согласно ЗТД, работата на членовите на ОД ја одобрува Собранието за претходната година. |
| 2: ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ | **Поддршка на одборот на директори** | 2,26 | Сите материјали што им се потребни за состанок на одборот на директори или комисија на нодборот на директори, им се доставуваат на сите членови на одборот на директори , односно на сите членови на комисијата, најмалку пет дена пред состанокот, освен во исклучителни ситуации кога поради итност на прашањата кои треба да бидат разгледани, материјалите можат да се достават во пократок временски период. | Дали сите материјали потребни за состанокот на одборот на директори или на комисија на одборот на директори, им беа доставени на сите членови најмалку пет дена пред состанокот? | Да | |
| 2: ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ | **Поддршка на одборот на директори** | 2,27 | Извршните членови на одборот на директори поднесува извештај до одборот на директори најмалку квартално, во согласност со законот, за работењето на друштвото, финансиската состојба, неговите главни финансиски и нефинансиски ризици,резултатите од преземените активности за прашања поврзани со акционерите и другите засегнати лица, и сите други прашања утврдени со внатрешните акти. Одбори ќе ја утврдат формата и зачестеноста на овие извештаи. | Дали извршните членови на одборот поднесуваат квартални извештаи до одборот на директори за прашањата утврдени во одредбата 2.27 и секое друго прашање утврдено со внатрешните акти? | Да | |
| 2: ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ | **Поддршка на одборот на директори** | 2,27 | исто | Дали формата и зачестеноста на извештаите од извршните членови на одборот до одбор беше утврдена од одборот на директори? | Делумно | Истото е регулирано во Статутот на друштвото |
| 1: ПРАВА НА АКЦИОНЕРИТЕ И ОДНОСИ СО АКЦИОНЕРИТЕ | Собрание на акционери | 1,4 | Друштвото, на својата веб-страница, ги објавува потребните информации во врска со датумот, местото и дневниот ред на собранието на акционери, како и сите други материјали кои се поврзани со седницата на собранието на акционери, во согласност со законот и Правилата за котација. | Обезбедете URL - врска до делот на веб - страницата на друштвото што ги обезбедува потребните информации поврзани со седницата собрание на акционери. | URL врска |
| 1: ПРАВА НА АКЦИОНЕРИТЕ И ОДНОСИ СО АКЦИОНЕРИТЕ | Собрание на акционери | 1,7 | Друштвото обелоденува дали акционерите имаат можност да учествуваат и да гласаат на собранието по пат на електронски средства или со кореспонденција, а не со лично присуство, и ги соопштува деталите околу начинот на таквото учество и гласање. | Наведете детали за начинот на кој акционерите можат да гласаат или да учествуваат на седницата преку електронски средства. | МКТ не овозможува гласање на Собранието на Друштвото по електронски пат и таква информација не е објавена јавно, бидејќи Друштвото нема соодветна електронска платформа преку која може да се изврши соодветна идентификација на акциоенрите согласно Законот за Трговски Друштва и следење на текот на гласањето. |
| 1: ПРАВА НА АКЦИОНЕРИТЕ И ОДНОСИ СО АКЦИОНЕРИТЕ | Собрание на акционери | 1,8 | Друштвото им дава можност акционерите можност да гласаат преку полномошник. Друштвото ја објавува постапката за гласање преку полномошник на својата веб-страница, вклучувајќи го образецот за давање на полномошно и информација за даденото полномошно, како во писмена, така и во електронска форма, адресата на која треба да бидат испратени полномошната и рокот за доставување на полномошната и информациите за дадените полномошна. Друштвото нема да поставува никакви барања и услови за давање на полномошно и гласање преку полномошник, освен оние кои се утврдени со закон. | Наведете URL - врска до делот на веб -страницата на друштвото што ја опишува постапката за гласање преку полномошник. | URL врска |
| 1: ПРАВА НА АКЦИОНЕРИТЕ И ОДНОСИ СО АКЦИОНЕРИТЕ | Собрание на акционери | 1,9 | Друштвото, во своите внатрешни акти, го уредува начинот на предлагање на точки на дневниот ред, поставување прашања и предлагање на одлуки од страна на акционерите, во согласност со законските одредби. Друштвото ги објавува овие акти на својата веб-страница. | Наведете URL - врска до внатрешните акти, регулирање на начинот на предлагање точки на дневниот ред, поставување прашања и предлагање одлуки од страна на акционерите, на веб -страницата на друштвото. | Начинот на предлагање на точки на дневниот ред и поставување прашања од страна на акционерите е објавен на веб страницата на друштвото и во објавениот Јавен повик за свикување на Собрание на друштвото, во согласност со законските одредби, но не е посебно уреден во внатрешни акти на Друштвото.<br>URL врска |
| 1: ПРАВА НА АКЦИОНЕРИТЕ И ОДНОСИ СО АКЦИОНЕРИТЕ | Собрание на акционери | 1,12 | Донесените одлуки и одговорите на прашањата поставени за време или пред одржување на седницата на собранието на акционери се објавуваат на веб-страницата на друштвото и треба да бидат достапни на истата во период од најмалку пет години. | Навдете URL - врска до делот на веб -страницата на друштвото каде што се објавени одлуките донесени на седницата и одговорите на прашањата поставени на или пред седницата. | URL врска |
| 1: ПРАВА НА АКЦИОНЕРИТЕ И ОДНОСИ СО АКЦИОНЕРИТЕ | Комуникација со Акционерите | 1,15 | Друштвото именува лице одговорно да обезбеди навремен и соодветен одговор на прашањата или да дава информации за акционерите и инвеститорите и треба да се погрижи да има соодветна постапка за упатување на овие прашања до одборот на директори,во ситуациите кога тоа е соодветно. Податоците за ова лице, неговата адреса за електронска пошта и телефонски број се објавуваат на веб-страницата на друштвото. | Наведете URL - врска до делот на веб -страницата на друштвото каде што се објавени податоците за контакт на лицето одговорно за комуникацијата со акционерите и инвеститорите. | URL врска |
| 2: ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ | Задачи на одборот на директори и односи со одборот на директори | 2,1 | Внатрешните акти на друштвото треба јасно да ги утврдат овластувањата и одговорностите на извршните и неизвршните членови на одброт , во согласност со законот, како и структурата, системите и процесите на управување врз основа на кои членовите на одборот соработуваат. Внатрешните акти се достапни на веб- страницата на друштвото. | На веб-страницата на друштвото, внатрешните акти се бесплатно достапни. | Во Статутот се утврдуваат овластувањата и одговорностите на извршниот член и неизвршните членови на одборот на директори, во согласност со релевантната законска регулатива<br>URL врска |
| 2: ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ | Работа на одборот на директори | 2,5 | Одборот на директори одржува состаноци најмалку четири пати годишно во согласност со закон. Во годишниот извештај се наведува колку состаноци се одржани и на колку од состаноците присуствувал секој член на одбор. | (1)Направете упатување на насловот и бројот на страницата од деловите во годишниот извештај каде што се објавени бројот на состаноци и присуството на членовите на одборот.<br><br>(2)Пополнете во табелата за одборот на директори. | (1)Список со наслови на делови и броеви на страните во годишниот извештај: Годишен извештај за работењето, Наслов - Информација за учество на членовите на Одборот на директори на МКТ на состаноците одржани во 2025 година, страна бр.6<br><br>(2) Подолу има табела за Одбор на директори |
| 2: ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ | Работа на одборот на директори | 2,6 | За да можат неизвршните членови на одборот на директори да посветат доволно време на своите должности, бројот на денови за којшто се очекува секој од членовите на одборот на директори да биде достапен ќе биде утврден пред нивниот избор. Информација за членство во органи на управување во други друштва се објавува кога кандидатот за член на одборот се предлага за избор од страна на собранието на акционери. | (1) Број за членство во органи на управување во други друштва на неизвршните членови на одборот предложени за избор на собранието на акционери.<br><br>(2)Наведете врска до делот на материјалите за собранието на акционери каде што се обезбедени потребните информации за членство во органи на управување во други друштва. | Кандидатот за член на ОД пред изборот доставува до друштвото пополнето и потпишано Известување за извршување на дејности, активности и функции во друго друштво, но истото не се објавува. |
| 2: ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ | Претседател на одборот на директори | 2,8 | Претседател на одборот на директори не може да биде лице кое било член на одборот на директори на друштвото најмалку две години пред неговиот избор. Доколку претседателот на одборот на директори не е независен член, еден од независните членови на одорот на директори се именува за заменик претседател. | (1)Пополнете во табелата за одборот на директори.<br><br>(2) Доколку е применливо, наведете го името на заменикот претстедател. | (1)Подолу има табела за одборот на директори |
| 2: ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ | Состав на одборот на директори | 2. 10 | Одборот на директори е составен од соодветен број членови за да обезбеди дека и Одборот на директори и неговите комисии ќе имаат доволно ресурси за ефективно извршување на нивните доделени задачи. | Пополнете во табелата за одборот на директори. | Подолу има табела за одборот на директори |
| 2: ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ | Состав на одборот на директори | 2,11 | Одборот на директори, или комисијата за избор и именување, доколку истата е формирана , најмалку еднаш годишно го разгледува составот на одборот и неговите комисии од аспект на знаењето, квалификациите, вештините и искуството што членовите поединечно и заедно ги поседуваат за успешно извршување на нивните функции (т.н. „профил на одборот ").Профилот на одборот се објавува на веб-страницата на друштвото. | Наведете URL - врска до делот на веб-страницата на друштвото каде што е објавен профилот на одборот. | URL врска |
| 2: ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ | Состав на одборот на директори | 2,13 | Друштвото презема мерки за да обезбеди дека ќе има најмалку 30% жени членови на одборот на директори до 2025 година. Годишниот извештај вклучува резиме на преземените активности за исполнување на оваа цел. | (1) Наведете наслов и број од страната на делот во годишниот извештај каде што е објавено резиме на преземените активности за исполнување на оваа цел.<br><br>(2) Пополнете во табелата за одборот на директори. | (1) Друштвото вложува напори да има застапеност на жени во својот Одбор на директори и моментално во ОД на Друштвото има 14,3% застапеност на жени. Друштвото е дел од групацијата Deutsche Telekom во чии рамки се изготвува посебен извештај HR fact book. Линкот до извештајот кој е достапен само на англиски (1) https://www.telekom.com/en/media/publications<br>(2) Исто така Друштвото има усвоено и Кодекс за човекови права и социјални принципи https://www.telekom.mk/kodeks-za-covekovi-prava-i-socijalni-principi.nspx<br>(3) Подолу има табела за одборот на директори |
| 2: ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ | Постапка за избор на членови на одборот на директори | 2,16 | За да се овозможи собранието на акционери да го направи вистинскиот избор, покрај податоците утврдени во закон, на акционерите им се доставуваат следниве релевантни податоци за кандидатите предложени за членови на одборот на директори:<br>а. дали има судир на интереси помеѓу интересите на кандидатот и друштвото;<br>б. ако кандидатот е веќе член на одбор на директори, резиме на последната оцена (евалуација) на неговата работа;<br>в. за кандидатите кои се предложени од страна на одборот на директори за разлика од кандидатите кои се предложени од акционерите, се доставува и извештај на комисијата за избор и именување или, доколку истата не е формирана, на одборот на директори за извршената анализа и проверка на исполнетост на критериумите од страна на кандидатот, како и за усогласеност на неговата кандидатура со внатрешните акти и профилот на одборот, и оцена за тоа дали кандидатот се смета за независен; г. дали кандидатот се предлага за извршен или неизвршен члена на одборот на директори. | Во одредбата 2.16 е наведено дека на акционерите ќе им се достави врска до делот од материјалите за собранието на акционери каде што се обезбедени потребните информации за кандидатите предложени за членови на одборот на директори.<br><br>За кандидатите кои се предложени од одборот на директори наместо од акционерот, на акционерите им се доставува извештај од комисијата за избор и именување или одборот на директори за извршена анализа и проценка на исполнетост на критериумите од страна на кандидатот. | Број од делот или URL врска до материјалите за собранието на акционери (или доколку е применливо, URL врска до СЕИ-НЕТ)<br>URL врска: https://www.telekom.mk/dokumenti-i-materijali-30-05-2025 од точка 10.1.1 до 10.2.8 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2: ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ | **Постапка за избор на членови на одборот на директори** | 2,17 | Со цел да се обезбеди континуитет и квалитет во функционирањето на одборот на директори, комисијата за избор и именување или одборот на директори (доколку истата не е формирана), изготвува план за сукцесија на одборот на директори, што ќе биде вклучен во годишниот извештај. | Обезбедете упатување на насловот и бројот на страницата на делот во годишниот извештај каде што е објавен планот за сукцесија на одборот. | Друштвото не спроведува ваква постапка. Членовите на Одборот на директори ги избира Собранието на Друштвото по предлог од еден од двата мнозински акционери. |
| 2: ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ | **Комисии на одборот** | 2,19 | Ако помалку од половина од членовите на одборот на директори се независни, одборот на директори формира комисија за избор и именување за да го надгледува изборот и именувањето на членовите на одборот на директори и комисија за надоместоци и награди која ќе го врши надзорот на наградувањето на извршните членови на одборот на директори. Функциите на овие две комисии може да се комбинираат. Ако повеќе од половина од членовите на одборот на директори се независни, одборот на директори може самостојно да ги извршува овие функции. | (1) Пополнете ја табелата за одбор ма директори.<br><br>(2) Дали постои или не постои комисија за избор и именување. | (1) Подолу има табела на одборот на директори<br><br>(2) Да или не / Не постои Комисија за избор и именување |
| 2: ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ | **Комисии на одборот** | 2. 20 | Одборот на директори донесува правила за работа за секоја комисија. Во правилата за работа ќе се наведат задачите и функциите на секоја комисија, нејзиниот состав и начинот на кој ги извршува своите задачи и функции. Правилата за работа ќе бидат достапни на веб-страницата на друштвото. | Наведете URL - врска до деловникот за работа за секоја комисија на веб-страницата. | Деловниците за работа на комисиите не се објавени на веб страницата заради природата на нивната класификација како доверливи документи и не се јавно достапни. |
| 2: ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ | **Комисии на одборот** | 2,21 | Секоја комисија ќе има најмалку три членови. Мнозинството членови на секоја комисија мора да го сочинуваат неизвршни членови на одборот на директори и најмалку една третина од нив треба да се независни. | Пополнете во табелата за комисии (посебна табела за секоја комисија). | Подолу има табела за комисии |
| 2: ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ | **Комисии на одборот** | 2,22 | Надворешни членови ќе се именуваат во комисија само доколку неизвршните членови на одборот на директори не поседуваат потребни вештини или искуство. Сите надворешни членови ќе имаат соодветна експертиза, ќе бидат независни и од друштвото и од одборот на директори и нема да имаат судир на интереси според критериумите што се применуваат за членовите на одборот на директори. | Пополнете во табелата за комисии. | Подолу има табела за комисии |
| 2: ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ | **Комисии на одборот** | 2,24 | Одборот на директори дава информација за комисиите во годишниот извештај на друштовото, вклучувајќи го нивниот состав и активности, бројот на одржани состаноци и присуството на секој член на комисијата на состаноците, како и главните прашања за кои се дискутирало. | Направете упатување на името и бројот на страната од делот во годишниот извештај каде што е објавен составот и активностите, бројот на состаноци и присуството на членовите на комисијата како и главните точки за кои е дискутирано. | Друштвото не вклучува ваква информација во Годишниот извештај за работа. ОД е континуирано информиран за работата на комисиите во рамки на одржаните состаноци. |
| 2: ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ | **Оцена (евалуација) на одборот на директори** | 2,25 | Најмалку еднаш годишно, одборот на директори, комисијата за избор и именување или надворешен консултант специјализиран за корпоративно управување, го оценуваат следново:<br>а. работењето, ангажманот, преземените активности и резултатите на одборот на директори како колективно тело, како и на комисиите на одборот на директори;<br>б. составот на одборот на директори и дали преку таквиот состав се обезбедуваат потребните знаења, искуства, вештини и еднаква застапеност утврдени во профилот на одбор;<br>в. ефективноста на претседателот на одборот на директори и придонесот на од секој член на одборот во работата на одборот на директори;<br>г. работната атмосфера воодборот на директори, вклучувајќи и тоа дали поединечните членови на одборот на директори се во можност да ги искажат своите ставови и да ги решат меѓусебните недоразбирања;<br>д. поддршката дадена на одборот на директорир, вклучувајќи ја работата на корпоративниот секретар и квалитетот и навременоста на добиените материјали;<br>ѓ. квалитетот на комуникација и соработката помеѓу членовите на одборот на директори; и<br>е. постоењето на околности поврзани со поединечните членови на одборот на директори поради кои може да дојде до судир на интереси и да се загрози нивната независност. | Дали евалуацијата била внатрешна, надворешна или не била извршена евалуација. | Друштвото нема формирано ваква комисија и ОД не спроведува ваква постапка. Согласно Законот за трговски друштва, работата на членовите на ОД ја одобрува Собранието за претходната година. |
| 2: ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ | **Поддршка на одборот на директори** | 2,27 | Извршните членови на одборот на директори поднесува извештај до одборот на директори најмалку квартално, во согласност со законот, за работењето на друштвото, финансиската состојба, неговите главни финансиски и нефинансиски ризици,резултатите од преземените активности за прашања поврзани со акционерите и другите засегнати лица, и сите други прашања утврдени со внатрешните акти. Одбори ќе ја утврдат формата и зачестеноста на овие извештаи. | Наведете број колку често во годината извршните членови на поднесоа извештај до одборот на директори. | Број на извештаи - 4 |
| 2: ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ | **Поддршка на одборот на директори** | 2,29 | Улогата на корпоративниот секретар е:<br>а. да обезбеди организациска и професионална поддршка на одборот на директори, претседателот на одборот и на комисиите;<br>б. да го советува одборот на директори и комисиите за нивните одговорности и законските обврски;<br>в. да присуствува и да води записник на состаноците на одборот на директори и на комисиите;<br>г. да обезбеди правилно спроведување на постапките утврдени во деловникот за работа;<br>д. да му помага на одборот на директори и, доколку тоа од него се побара, на извршните членови на одборот на директори, со цел да се подобри ефикасноста и квалитетот на нивната работа, меѓу другото, и преку организирање обука за членовите;<br>ѓ. да организира собрание на акционери и да обезбеди постоење на јасна комуникација со акционерите за тоа како тие можат да ги остварат своите права; и<br>е. да извршува други административни задачи поврзани со корпоративното управување на друштвото. | Наведете име на корпоративниот секретар. | Улогата на корпоративниот секретар ја извршува Hub-от за Право усогласеност заштита на лични податоци и корпоративни прашања. Раководното лице на овој сектор Златко Стојчески е одговорно за извршување на сите релевантни активности. |
| 2: ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ | **Награда на неизвршните членови на одборот на директори** | 2,34 | Друштвото, во годишниот извештај објавува целосни и точни податоци за месечниот паушал исплатена на секој поединечен неизвршен член на одборот на директори во претходната година . | Направете упатување на делот во годишниот извештај каде што се објавени податоците за месечниот паушал на секој поединечен неизвршен член на одборот на директори во претходната година и дополнителните паушали за неизвршните членови кои се членови на комисиите на одборот на директори. | Број од делот и број од страната во годишниот извештај:<br>Дел: Надоместоци на Одборот на директори, страна 2 - 4 |
| 3: ИЗВРШНИ ЧЛЕНОВИ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ | **Задачи на извршните членови** | 3,2 | Извршните членови на одборот промовираат корпоративна култура која поттикнува етичко однесување, почитување и посветеност за усогласување кај сите вработени. За таа цел, друштвото усвојува етички кодекс и воспоставува систем за обезбедување на усогласеност и деловна етика во друштвото. Етичкиот кодекс ќе биде одобрен од одборот на директори и објавен на веб-страницата на друштвото. | Наведете URL- врска до етичкиот кодекс објавен на веб-страницата на друштвото. | URL врска |
| 3:ИЗВРШНИ ЧЛЕНОВИ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ | **Награда на извршните членови** | 3,7 | Комисијата за надоместоци и награди, или одборот на директори доколку истата не е формирана, предвидува политика за наградување на извршните членови на одборот, согласно која наградата може да се состои од фиксни и променливи компоненти. Политиката ги дефинира методологијата, принципите, критериумите за остварувања и успешност при работа со цел утврдување на начинот и износот на наградата за извршните членови. | Наведете URL- врска до политиката за наградување на извршните членови на одбор на директори на друштвото. | Овие документи не се јавно достапни. Политиката не предвидува стекнување акции како награда или права да се стекнуваат акции. |
| 3: ИЗВРШНИ ЧЛЕНОВИ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ | **Награда на извршните членови** | 3,8 | Фиксната компонента на наградата (платата) соодветно ги одразува стручноста, искуството и одговорностите на секој извршен член на одборот, како и големината и финансиската состојба на друштвото. | | |
| 3: ИЗВРШНИ ЧЛЕНОВИ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ | **Награда на извршните членови** | 3,9 | Доделувањето на компонента од наградата која зависи од успешноста на работењето (бонуси) зависи од резултатите од работењето на извршните членовите на одбор и од остварувањата на друштвото и се заснова на претходно утврдени критериуми. Покрај придонесот во постигнатите финансиски резултати на друштвото, треба да се имаат предвид и нефинансиските критериуми кои се релевантни за деловните резултати што друштвото би ги остварило на долг рок, вклучувајќи и спроведување на стратегиите на друштвото, почитување и спроведување на внатрешните акти и етички стандарди на друштвото и цели поврзани со стратегијата на друштвото за одржливост. | | |
| 3:ИЗВРШНИ ЧЛЕНОВИ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ | **Награда на извршните членови** | 3. 10 | Доколку политиката за наградување на извршните членови дозволува стекнување акции или права да се стекнуваат акции, критериумите за тоа треба да бидат одобрени од страна на собрание на акционери на друштвото. Со тие критериуми се определува дека акциите стекнати на овој начин не можат да се продаваат најмалку две години од денот на стекнување на истите. | | |
| 3: ИЗВРШНИ ЧЛЕНОВИ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ | **Награда на извршните членови** | 3,11 | Друштвото објавува целосни и точни податоци за наградата на секој поединечен извршен член на одбор за претходната година во годишниот извештај. | Направете упатување на делот во годишниот извештај во кој се објавени податоците за надоместокот на секој поединечен извршен член на одбор на директори за претходната година. | Во Годишниот извештај за работењето во делот Надоместоци на Одборот на директори на страна бр.6 објавени се информации за износот на надоместоците за клучното раководство на Друштвото. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 4: СУДИР НА ИНТЕРЕСИ | **Судир на интереси** | 4,1 | Членовите на одборот на директори не смеат:<br>а. да бидат во конкуренција со друштвото;<br>б. да бараат, прифаќаат или да одобруваат подароци со материјална вредност или донации од друштвото за себе или за членовите на нивните семејства;<br>в. да им овозможат на трети лица да стекнат корист на штета на друштвото;<br>г. да ги искористуваат деловните можности што му припаѓаат на друштвото за свои лични интереси или за интересите на членовите на нивното семејство;<br>д. да остваруваат други форми на личен доход од работењето на друштвото, освен наградата што ја добиваат како членови на одборот на директори и приходите што произлегуваат од какви било акции што ги имаат во друштвото. | Наведете URL - врска до делот на веб - страницата на друштвото каде што се објавени правилата за постапување на одборот на директори. | URL врска |
| 5: РИЗИК И КОНТРОЛА | **Заштитено пријавување** | 5,8 | Одборот на директори треба да обезбеди да постои постапка на заштитено пријавување извршено од укажувач за сторени, како и за сомневање за сторени, прекршувања на законот или на внатрешните акти или етичкиот кодекс на друштвото. Подетални информации за постапката за заштитено пријавање се објавуваат на веб-страницата на друштвото. Со постапката се обезбедува укажувачите да не трпат негативни последици доколку пријават сомневање за прекршување. | Наведете URL врска до постапката за заштитено пријавување на вистински или прекршувања за кои постои сомневање, на законот или внатрешните акти на друштвото или етичкиот кодекс. | URL врска: https://www.telekom.mk/usoglasenost.nspx |
| 5: РИЗИК И КОНТРОЛА | **Надворешна ревизија** | 5. 10 | Собранието на акционери го избира независниот надворешен ревизор на предлог на одборот на директори. Предлогот вклучува опис на критериумите што се користат од страна на одборот или комисијата за ревизија при избор на ревизор. | Наведете врска до делот од материјалите на собранието на акционери каде што е вклучен предлогот за избор/реизбор на надворешниот ревизор. | URL врска: https://www.telekom.mk/dokumenti-i-materijali-30-05-2025<br>Критериумите за избор на независниот надворешен ревизор се дел од тендерската процедура. По завршување на тендерската постапка предлогот за избор на ревизор се доставува до Комисијата за ревизија на Друштвото која дава предлог до Собранието на акционери. |
| 5: РИЗИК И КОНТРОЛА | **Надворешна ревизија** | 5,11 | Комисијата за ревизија изготвува план за работа со независниот надворешен ревизор, во кој се предвидува колку често и на кој начин надворешниот ревизор ќе ја известува комисијата. | Наведете информаци колку пати годишно комисијата за ревизија примила извештај од надворешниот ревизор. | 4 пати. Сепак по потреба може да достави и повеќе пати бидејќи тоа е минимумот за доставување на извештаи од страна на Ревизорот до Комисијата за ревизија. |
| 5: РИЗИК И КОНТРОЛА | **Надворешна ревизија** | 5,14 | Друштвото го објавува името на независниот надворешен ревизор во годишниот извештај, и сите други услуги што се даваат на друштвото и на неговите поврзани друштва од страна на ревизорот или ревизорската куќа. | Направете упатување на насловот и бројот на страната на делот во годишниот извештај каде што е објавено името на независниот надворешен ревизор и сите други услуги што се обезбедени на друштвото или неговите поврзани друштвата од страна на ревизорот или ревизорската куќа. | Годишен извештај за работењето, дел Ревизор, страна бр.7 |
| 6: ЗАСЕГНАТИ ЛИЦА, ОДРЖЛИВОСТ И ПРАШАЊА ОД ОПШТЕСТВЕН ИНТЕРЕС | **Засегнати лица** | 6,1 | Извршните членови на одборот на директори на друштвото треба да обезбедат постоење на ефективни механизми за идентификување на главните засегнати лица на друштвото и за разбирање на нивните ставови во врска со прашањата што се од суштинска важност за нив. Извршните членови на одборот на директори водат сметка за редовна соработка со тие засегнати лица, како и информирање на одборот на директори за резултатите од тоа. Резиме на остварената соработка со засегнатите лица се објавува во годишниот извештај на друштвото. | Направете упатување на насловот и бројот на страната на делот во годишниот извештај што дава резиме на соработката остварена со главните засегнати лица на друштвото. | Друштвото не изготвува резиме на остварената соработка со засегнатите лица во Годишниот извештај за работењето. Наместо тоа како дел од управувањето со засегнатите лица во рамки на Deutsche Telekom групацијата (Stakeholder management) се изготвува посебен Годишен извештај за општествена одговорност<br>URL врска |
| 6: ЗАСЕГНАТИ ЛИЦА, ОДРЖЛИВОСТ И ПРАШАЊА ОД ОПШТЕСТВЕН ИНТЕРЕС | **Одржливост и прашања од опш** | 6,3 | Друштвото има внатрешни акти што се однесуваат на неговата одговорност за животната средина и општествените прашања, како и политики и постапки што му овозможуваат на друштвото да ги идентификува материјалните фактори и нивното влијание врз активностите на друштвото. Овие политики се преиспитуваат најмалку еднаш годишно од страна на одборот на директори и се објавуваат на веб-страницата на друштвото. | Наведете URL - врска до внатрешните акти на веб- страницата на друштвото што се однесуваат на одговорностите на друштвото за животната средина и прашања од општествен интерес и политики и постапки што му овозможуваат на друштвото да ги идентификува материјалните фактори и да го процени влијанието врз активностите на друштвото. | (1) Политика за животна средина на Македонски Телеком АД – Скопје https://www.telekom.mk/iso-sertifikati<br><br>(2) CR годишен извештај https://report.telekom.com/cr-report/2025/ |
| 6: ЗАСЕГНАТИ ЛИЦА, ОДРЖЛИВОСТ И ПРАШАЊА ОД ОПШТЕСТВЕН ИНТЕРЕС | **Одржливост и прашања од опш** | 6,7 | Во својот годишен извештај, друштвото известува за прашања поврзани со животната средина и прашања од општествен интерес, засновани врз принципот на транспарентност и во согласност со релевантните законски барања и добрите меѓународни практики. | Направете упатување на насловот и бројот на страната на деловите во годишниот извештај каде се објавени информациите за прашања поврзани со животната средина и прашањата од општествен интерес. | CR годишен извештај |
| 7: ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОБЈАВУВАЊЕ | **Обелоденување на информаци** | 7,1 | Одборот на директори е одговорен да обезбеди навремено и точно објавување на сите информации согласно законот или Правилата за котација, преку системот за електронски информации за котираните друштва на Македонска берза (СЕИ-НЕТ). Воедно, друштвото го објавува годишниот извештај и ревидираните финансиски извештаи, како и други задолжителни информации поврзани со деловното работење на друштвото, финансиската состојба и сопственичка структура на веб страницата на друштвото. | Наведете URL - врска до делот на веб -страницата на друштвото каде се објавени годишниот извештај и ревидираните финансиски извештаи и други потребни информации. | https://www.telekom.mk/objavi.nspx<br>https://www.telekom.mk/struktura-na-akcioneri.nspx |
| 7: РИЗИК, ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА И РЕВИЗИЈА | **Обелоденување на информаци** | 7,2 | Покрај задолжителната содржина согласно законот и Правилата за котација, друштвото ги објавува на својата веб-страница и:<br>• Информации за правата на акционерите (1.1);<br>• Донесените одлуки на собранието на акционери и одговорите на прашањата поставени на или пред седницата на собрание на акционери (овие инфорации треба да бидат достапни на веб страницата најмалку пет години) (1.12);<br>• Податоци за лицето назначено за контакт со акционерите (1.15);<br>• Внатрешните акти со кои се утврдуваат одговорностите на одборот на директори (2.1);<br>• Профил на одборот на директори (2.11);<br>• Правилата за работа на комисиите на одборот на директори (2.20);<br>• Етичкиот кодекс на друштвото (3.3);<br>• Постапката за заштитено пријавување на друштвото (5.8); и<br>• Политики за животна средина и прашања од општествен интерес (6.3). | Ве молиме, проверете дека сте ги навеле сите врски за секоја одредба наведена во одредбата 7.2. | Недостасува врска за одредба (2.20) бидејќи деловниците за работа на комисиите не се објавени на веб страницата заради нивната класификација како доверливи документи и не се јавно достапни.<br><br>Во однос на одредба (3.3) Кодексот може да се најде на следниот линк https://www.telekom.mk/usoglasenost.nspx |
| 7: РИЗИК, ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА И РЕВИЗИЈА | **Обелоденување на информаци** | 7,3 | Покрај задолжителната содржина согласно законот и Правилата за котација, друштвото, во својот годишен извештај, објавува и податоци за:<br>• Бројот на одржани состаноци на одборот на директори и присуство од страна на членовите на одборот на директори (2.5);<br>• Активностите преземени за постигнување родова застапеност во одборот на директори (2.13);<br>• Планот за сукцесија на одборот на директори (2.17);<br>• Составот на комисиите на доборот на директори, бројот на состаноци и присуството на членовите на комисиите (2.24);<br>• Податоци за наградата на поединечни членови на одборот на директори (2.34, 3.11);<br>• Податоци во врска со членување во други органи на управување на други друштва на членовите на извршните членови на одборот на директори (3.5)<br>• Името на надворешниот ревизор и детали за сите други услуги што надворешниот ревизор ги дава на друштвото (5.14);<br>• Резиме на соработката со засегнатите лица преземен во текот на годината (6.1); и<br>• Информации за прашања поврзани со животната средина и прашања од општествен интерес (6.7). | Ве молиме, проверете дали сте направиле упатување на насловот и бројот на страната од делот во годишниот извештај за секоја одредба утврдена во одредба 7.3 | Освен за одредба 3.5 која не се однесува на друштвата со едностепен систем на управување за сите други одредби е даден соодветен одговор во прашалникот или е обезбеден соодветен линк или пак е наведена страна од Годишниот извештај за работењето. |

| **Табела за одбор на директори** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Име и презиме** | **Пол** | **Назив на функција** (извршен/неизвршен) | **Независен** | **вкупен број на состаноци на ОД** | **Присуство** | **Членува во органи на други друштва** |
| Игор Милев | машки | Неизвршен член и Претседател на ОД (до 29.5.2025 год.) | НЕ | 9 | 4 | НЕ |
| Никола Љушев | машки | Неизвршен член (до 20.10.2025 год.) и извршен член на ОД (до 30.06.2025 год.) | НЕ | 9 | 7 | НЕ |
| Горан Марковиќ | машки | Неизвршен член (од 1.6.2025 год.) и извршен член на ОД (од 1.7.2025 год.) | НЕ | 9 | 5 | НЕ |
| Данијела Бујиќ | женски | неизвршен член на ОД (до 31.5.2025 година) | НЕ | 9 | 4 | ДА |
| Диана Анамариа Варкоњи | женски | неизвршен | НЕ | 9 | 9 | ДА |
| Борче Сиљаноски | машки | неизвршен | НЕ | 9 | 7 | ДА |
| Владимир Ивановски | машки | неизвршен | НЕ | 9 | 8 | ДА |
| Лубор Жатко | машки | неизвршен член на ОД (до 31.5.2025 год.) | НЕ | 9 | 4 | НЕ |
| **Золтан Переслењи** | **машки** | **неизвршен член на ОД (од 1.6.2025 год.)** | **НЕ** | **9** | 4 | ДА |
| Андреас Маиерхофер | машки | неизвршен член на ОД (од 21.10.2025 год.) | НЕ | 9 | 2 | ДА |
| Петер Фаил | машки | неизвршен | ДА | 9 | 6 | ДА |
| Младен Митиќ | машки | неизвршен | ДА | 9 | 5 | ДА |
| Сашо Димитријоски | машки | Неизвршен член (од 30.5.2025 год.) и Претседател на ОД (од 10.6.2025 год.) | НЕ | 9 | 5 | НЕ |
| Иван Митровски | машки | неизвршен член на ОД (од 30.5.2025 до 29.12.2025 год.) | НЕ | 9 | 4 | НЕ |
| Марин Алексов | машки | неизвршен член на ОД (од 30.5.2025 год.) | НЕ | 9 | 5 | НЕ |
| Даниела Крҗовска | женски | неизвршен член на ОД (од 30.5.2025 год.) | НЕ | 9 | 5 | НЕ |
| Нусрет Зиба | машки | неизвршен член на ОД (од 30.5.2025 год.) | ДА | 9 | 5 | НЕ |
| Сеад Арслани | машки | неизвршен член на ОД (од 30.5.2025 год.) | ДА | 9 | 5 | НЕ |

**Tabela за комисија за ревизија**

| Име | Неизвршен член на ОД или надворешен член | Независен | Присуство |
|---|---|---|---|
| Петер Фаил | независен член на ОД | ДА | 5/5 |
| Игор Милев | неизвршен член и Претседател н | НЕ | 2/5 |
| Сашо Димитријоски | неизвршен член и Претседател н | НЕ | 3/5 |
| Борче Сиљаноски | неизвршен член на ОД | НЕ | 5/5 |
| Владимир Ивановски | неизвршен член на ОД | НЕ | 5/5 |
| Марк Васиќ | надворешен член | ДА | 4/5 |
| Мелинда Модок | надворешен член | ДА | 4/5 |
| Торстен Венда | надворешен член | ДА | 5/5 |

**Tabela за комисија за наградување**

| Име | Неизвршен член на ОД или надворешен член | Независен | Присуство |
|---|---|---|---|
| Игор Милев | неизвршен член и Претседател н | НЕ | 3/4 |
| Сашо Димитријоски | неизвршен член и Претседател н | НЕ | 1/4 |
| Петер Фаил | независен член на ОД | ДА | 4/4 |
| Владимир Ивановски | неизвршен член на ОД | НЕ | 4/4 |

# Дополнителни податоци

| Прашање | Одговор |
|---|---|
| Колку изнесува вкупниот број на членови на одборот на директори? | 14 |
| Колку изнесува бројот на неизвршни членови? | 13 |
| Колку изнесува бројот на извршните членови? | 1 |
| Колку изнесува вкупниот број на жени во одборот на директори? | 2 |
| Колку изнесува вкупниот број на жени во неизвршни членови на одборот на директори? | 2 |
| Колку изнесува вкупниот број на жени во извршните членови? | 0 |
| Колку изнесува вкупниот број на независни ченови во неизвршните членови? | 4 |
| Колку членови од неизвршните членови се членови на комисиите на одборот? | 4 |
| Колку вкупно состаноци има одржано одборот на директори? | 9 |
| Колку членови од извршните членови се членови во органи на други друштва? | 0 |
| Дали друштвото прави евалуација на одборот на директори? | НЕ |